Експертски состанок за *Документација и инвентаризација на нематеријалното културно наследство во Југоисточна Европа*
(Сафранболу, Турција, 22-27.05.2008)



Во организација на Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција и на Турската национална комисија на УНЕСКО, од 22 до 27 мај, 2008 година, во Сафранболу, Турција, се одржа експертска средба посветена на *Документацијата и инвентаризацијата на нематеријалното културно наследство во рамките на Програмата за живи човечки богатства во Југоисточна Европа.*

Средбата имаше цел да овозможи размена на искуствата и да го поттикне и унапреди процесот на зачувување на нематеријалното културно наследство во земјите на Југоисточна Европа.



Работниот дел на средбата се одвиваше во четири тематски сесии на кои се елаборираа следните содржини:

- актуелните достигнувања и идната стратегија што се однесува на зачувување, менаџирање, селекција и инвентаризација на нематеријалното културно наследство во земјите на Југоисточна Европа;
- улогата и вклученоста на истражувачките центри и/или институциите во востановувањето на национален инвентар на нематеријалното културно наследство;
- развивање на посебна програма за живото човечко богатство и
- развивање на јавната свест за зачувувањето на нематеријалното културно наследство преку формалното и неформалното образование.



На експертската средба зедоа учество претставници од Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Грција, Кипар, Романија, Македонија, Молдавија, Словенија, Србија, Турција и Хрватска. Претставник од Македонија на средбата беше Валентино Димитровски, Раководител на Одделението за движно културно наследство во Управата за заштита на културното наследство.